# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019








РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS

# ГОДИШЕН **ИЗВЕШТАЈ**

ЦАРИНСКА УПРАВА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**2019** ГОДИНА

# СОДРЖИНА

ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ

СТРАТЕШКА МАПА

I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА ____ 9

I.1. НОВ ЗАКОН ЗА АКЦИЗИТЕ ____ 9

I.2. НОВ ЗАКОН ЗА ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ____ 10

I.3. ПРАГ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ЦАРИНА НА МАЛИ ПРАТКИ ____ 10

I.4. КУМУЛАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА ВО ЦЕФТА ____ 10

II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА ____ 11

II.1. ЦАРИНА 2020-ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКА КОМИСИЈА ____ 12

II.2. ИПА ФОНДОВИ И ПРОЕКТИ ОД СВЕТСКА БАНКА ____ 13

III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА ____ 15

III.1 ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ ____ 16

III.2 ИНТЕГРИТЕТ ____ 18

III.3. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ____ 18

III.4. НАГРАДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ ____ 19

IV. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ ____ 20

IV.1 ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР - ОЕО ____ 20

IV.2 ONE STOP SHOP НА ТАБАНОВЦЕ – ПРЕШЕВО ____ 20

IV.3 НОВ ЦАРИНСКИ ТЕРМИНАЛ НА ГП ЌАФАСАН ____ 21

IV.4 НОВА ПОСТАПКА ЗА ЦАРИНЕЊЕ НА ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ ____ 22

IV.5 ЦАРИНСКИТЕ ПРОЦЕДУРИ ДОСТАПНИ ПРЕКУ КУРСЕВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ ____ 22

V. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ____ 23

V. 1 ИКТ ИНФРАСТРУКТУРА ____ 23

V.2. ДОСТАПНОСТ НА ИКТ СИСТЕМИ ____ 23

V.3 Е-ЦАРИНА ____ 24

# СОДРЖИНА


VI. НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ 29

VII. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ 30

VII.1 НОВА СЛУЖБА ЗА ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ 30

VII. 2 АНАЛИЗА НА РИЗИК 31

VII.3 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 31

VII. 4 МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ ПРОЕКТИ ЗА КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ 31

VII.5 РЕЗУЛТАТИ ОД ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА 32

VIII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА 39

VIII.1 ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА 39

VIII.2 ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ 39

VIII.3 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 42

VIII.4 БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ 43

VIII.5 СКЛУЧЕНИ МЕМОРАНДУМИ 44

VIII.6 СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА 45

VIII.7 ИНТЕРНЕТ 46

VIII.8 ОТВОРЕНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА (197) 47

# ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ



*Почитувани,*

Годината што измина ќе остане забележана како година на голем пресврт во царинското работење во Република Северна Македонија, кога Царинската управа ја поврза традицијата со модернизацијата. Нашата традиционална улога, да го заштитиме општеството и финасиските интереси на државата, водени од идејата за постојано олеснување на трговијата преку поедноставување на постапките, партнерства со бизнис заедницата и меѓународна соработка - започнавме да ја извршуваме електронски, согласно тековите на модернизацијата.

Докажавме уште еднаш дека основа на успехот е поврзување на искуството со новите знаења.
Концептот дигитална царина станува реалност. Едно од најголемите достигнувања на Царинската управа во 2019 година е дигитализацијата на царинското работење преку создавање на услови за бесхартиено царинско работење. Тоа најмногу се должи на воведувањето на новиот систем за обработка на царински декларации и акцизни документи СОЦДАД, што почна да се применува од 1ви јуни оваа година. Овој систем, кој е револуционерен во досегашното царинско работење, го замени стариот систем за обработка на декларации и ги обедини постоечките дигитални системи во една интегрална целина. Во новиот систем СОЦДАД целосно се интегрирани транзитниот систем НКТС, интегрираната тарифна околина ОТО, и системот EXIM. Истовремено, неизбежен дел од процесот е развојот на човечките ресурси и ИКТ капацитетите, подобрување на условите за работа и обезедување на соодветна инфраструктура на граничните премини за одржување на високи стандарди.

И понатаму сме посветени на остварување на целта размената на податоци целосно да се одвива преку електронски инструменти и да воведеме заедничко управување со ризици - согласно неодамна усвоената Регионална стратегија за заедничко управување со ризиците, како и акцискиот план од страна на ЦЕФТА.

Царинската управа на Република Северна Македонија во 2020 година е претседавач на Поткомитетот за царина и правила на потекло во рамки на ЦЕФТА. Овој Поткомитет има големо влијание во олеснувањето на националната и прекуграничната трговијата. Во текот на оваа година ја подготвивме нашата програма, примарно во насока на реализација на заложбите за олеснување на трговијата на сите вклучени страни во ЦЕФТА, но и во однос на прекуграничната соработка и трговија со земјите членки на Европската унија.

Нашите пријатели од Делегацијата на Европската унија во Скопје веќе добро ги разбираат нашите потреби за зајакнување на оперативните и институционалните капацитети, и нивната поддршка продолжува преку континуирана реализација на бројни програми и проекти. Изминатава година беше спроведена постапката за започнување на твининг проект за подобрување на системот за наплата (во кој корисници се: Министерството за финансии, Царинската управа и Управата за јавни приходи), а во тек е постапката за набавка на опрема за подобрување на квалитетот на царинските контроли и на заеднички податочен центар во случај на криза и непогоди.

Во август 2019 година официјалното започна



примената на заеднички контроли на граничниот премин Табановце – Прешево со соседна Република Србија, и официјално сме дел од институциите кои применуваат One Stop Shop.
Со воспоставувањето на новиот начин на работа преку заедничката гранична контрола, коридорот 10 ќе биде поатрактивен и поефикасен за извоз, увоз и транзит на стоки. Во исто време, поблиската соработка меѓу службите резултира со поуспешни стапки на откривање на нелегални прекугранични активности, а со тоа се зголемува безбедноста.

Во тек е воспоставување на спогодба заеднички контроли со Република Албанија. Во септември 2019 беа пуштени во употреба новите објекти на царинскиот терминал на патниот граничен премин Ќафасан, како успешно реализиран проект од низата на проекти реализирани со финансиска поддршка на Европската унија, и кофинансирани од Владата на Република Северна Македонија.

Во ноември 2019 година започнавме нов проект за имплементација на Едношалтерски систем преку кредит од Светска банка и истиот ќе се реализира во наредните две години. Основната цел на имплементацијата на ваквиот систем е да се примени концептот на заедничка анализа на ризик од инволвираните институции, што ќе доведе до спроведување на напредни системи за генерирање извештаи, вклучително и извештаи од системите кои ќе бидат интегрирани во националниот едношалтерски систем, со што ќе се задоволат потребите и очекувањата на деловната заедница.

За Царинската управа почетокот на преговорите со Европската унија треба да претставува катализатор за понатамошна модернизација на царинското работење. Европското царинско законодавство во голема мерка е интегрирано во постоечкото македонско царинско законодавство и тоа е потврдено и верификувано од извештаите за напредокот на Република Северна Македонија во процесот на пристапување кон Европската Унија. Од аспект на подготвеност за почеток на преговори, од страна на Европската комисија е потврдено дека Царинската управа е високо позиционирана и е една од водечките управи. Во текот на објаснувачкиот состанок во октомври за почеток на преговори со ЕУ, до делот на Поглавје 29 – Царинска унија, беше претставено севкупното царинско закондавство со цел да се обезбеди патоказ за подобрување во областа на царинското работење.

Изминатата година го донесовме новиот Закон за акцизите, со цел целосно да се усогласиме со акцизното законодавство на Европската Унија, како и посебниот закон за оданочување на моторни возила. Законот за данок на моторни возила е прв закон со еколошка компонента, со крајна цел обновување на возниот парк во државата, а со тоа и намалување на загадувањето. На овој начин еколошките возила стануваат економски поисплатливи за набавка во однос на оние кои повеќе загадуваат.
Подобрувањето на законодавството и доследноста во неговата примена дава долгорочни, но и а моментално видливи резултати - остварената наплатата на приходи е високо над планираната, како и бројот на остварените заплени.

Годинава што изминува активно работевме на промовирање на соработката со деловната заедница. Бројот на компании кои добија статус на Овластен економски оператор на крајот на 2019 година е 11, и во тек се интензивни преговори и активности за потпишување на протоколи за меѓународно признавање на нашите



сертификати за ОЕО.
Во октомври 2019 година бевме домаќини на 14-тата годишна конференција ПИКАРД – престижна улога која Светската царинска организација и ја додели на нашата Царинска управа. Традиционално, оваа годишна конференција преку трудови претставени од академици, консултанти од повеќе области, и царински експерти од целиот свет, промовира високо ниво на рамена на царинско знаење и професионализам. Темата на конференцијата за 2019 година беше „Паметни граници за непречена трговија, патување и транспорт“. Со гордост можам да кажам дека ја донесовме светската царинска елита кај нас и достојно ја претставивме Република Северна Македонија и Царинската управа.

Во текот на годината многу наши колеги посетија обуки и семинари во странство, но исто така бевме и домаќини на многу странски гости и делагации на меѓународни, регионални и билатерални состаноци.

Новиот предизвик со кој се соочува Царината, но и сите други институции е тоа што влегуваме во период кога општестава се управувани и зависни од податоците кои се разменуваат по електронски пат, а Царинската управа станува организација водена од страна на технологијата. Во таа насока, ќе продолжиме со понатамошна дигитализација на постапките за увоз, извоз и транзит на стоки, кои во 2020 година ќе станат целосно безхартиени. Ваквиот напор е стратешки, и неопходен со цел значително подобрено давање на услуги на економските оператори коишто се вклучени во надворешно-трговското работење. Процесот на дигитализација којшто е започнат оваа година, треба постепено да ги вклучува сите учесници во царинската постапка и нивно севкупно учество во процесот на дигитална трансформација на општеството.
Царината треба да биде „SMART“ што значи употреба на автоматски процеси, каде технологијата треба да биде главниот двигател на развојот на царината, како што се употреба на големи податоци, анализа на големи бази на податоци, блокчеин, 3D печатење или клауд компјутери.

Царинската управа ќе продолжи да работи на исполнувањето на глобалните императиви за справување со економските, еколошките, здравствените и социјалните предизвици, со истовремено зголемување на постоечките напори за поефикасно справување со сите постапки во наша надлежност.

Иако на крај, но како една од најважните цели на модернизацијата како наш приоритет го истакнувам градењето на знаења, односно правилно управување со човечките ресурси. Високите стандарди за интегритет кои ги поставивме – продолжуваме да ги одржуваме со постојано надградување на знаењата, подигнување на свеста на работените и примена на најдобрите практики. Нашите вработени пристапија со голем ентузијазам кон примена на новите текови во модернизацијата и со уште поголема посветеност успешно ги реализираат активностите за достигнување на нашите високо поставени цели.

Делуваме проактивно и мислиме на иднината, преку градење на систем на одржливост во однос на сите наши стратешки приоритети, а притоа остануваме во служба на граѓаните, посветени да обезбедиме просперитет на општеството.

Со почит,
Директор
м-р Ѓоко Танасоски

## СТРАТЕШКА МАПА НА ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА






# I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Своето работење Царинската управа го регулира врз основа на повеќе законски прописи и регулативи. Со цел натамошно поедноставување на царинските постапки, зголемување на конкурентноста на домашната економија и намалување на трошоците на економските оператори, како и усогласување на царинските закони и прописи со правото на Европската Унија, во текот на 2019 година се донесени измени и дополнувања на повеќе закони и подзаконски акти.

## I.1. НОВ ЗАКОН ЗА АКЦИЗИТЕ

Во јануари 2020 година, стапи на сила новиот Закон за акцизите кој во висока мера е усогласен со директивите на ЕУ за оданочување со акциза на алкохол, тутунски производи и енергенти. Со цел транспарентно претставување на одредбите, новиот Закон за акцизите се донесе по одржани повеќе средби со економските оператори. На средбите се презентирани одредбите и се разменети мислења по одредени одредби предвидени во законот.

## ПОВАЖНИ ОДРЕДБИ ВО НОВИОТ ЗАКОН ЗА АКЦИЗИТЕ:

* Електронското следење на движењето на акцизните добра наместо тековниот систем на користење на хартиени документи
* Зајакнати критериуми за издавање на акцизни дозволи и одобренија преку воведување на задолжителен систем на гаранции за обезбедување на акцизниот долг
* Променет начин на плаќање на акцизата за акцизните производи кои се обележуваат со контролни марки, наместо плаќање на акциза при подигање на контролните марки акцизата се плаќа по пуштањето на акцизните производи во слободен промет
* Олеснети постапки  на економските оператори со акцизните марки за обележување на алкохолните пијалоци и тутунските производи преку воведување нови одредби за постапувања со акцизните марки, со воведување на постапки за враќање на неискористени и/или оштетени акцизни марки во процес на производство на акцизните добра
* Усогласување на начинот на пресметка на акцизата за меѓупроизводите согласно директивите на ЕУ
* Нови одредби за регистрирање на мали производители на алкохолни пијалоци.

## I.2. НОВ ЗАКОН ЗА ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА



Новиот Закон за данок на моторни возила, кој се применува од Јануари 2020 година е **прв закон** кој сеопфатно го регулира даночењето на моторните возила во нашата земја и има вградени компоненти за стимулирање набавка на еколошки возила и со тоа придонесува за намалување на загадувањето предизвикано од нив. Пресметувањето на данокот се врши врз основа на две компоненти: вредноста на возилото и висината на емисијата на јаглероден диоксид. На овој начин еколошките возила со пониска стапка на емисија на CO2 стануваат економски поисплатливи за набавка во однос на оние кои повеќе загадуваат.

За спроведување на Законот донесени се потребните подзаконски акти, а за олеснување на начинот на пресметка на данокот на возилата за сите заинтересирани лица на веб страната на Царинската управа достапен е **Информативен калкулатор за ДМВ.**

## I.3. ПРАГ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ЦАРИНА НА МАЛИ ПРАТКИ

Со измена на **Уредбата за поблиски критриуми и начинот на спроведувње на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки** од 1 јануари 2020 година се врши промена на висината на износот за стока со мала вредност од 45 на 90 евра. Зголемувањето на прагот е во насока на спроведување на препораките на Европската комисија, како и зголемување на обемот на е-трговија во земјава.






## I.4. КУМУЛАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА ВО ЦЕФТА

Ратификувана е Одлуката на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА бр. 3/2015 за изменување и дополнување на Протоколот за потекло на ЦЕФТА Договорот кој се однесува на поимот „производи со потекло“ и методите на административна соработка кон договорот за изменување и пристапување кон Централноевропскиот договор за слободна трговија.

Со оваа измена на ЦЕФТА Договорот за прв пат се воведува законска можност за примена на целосната кумулација (кумулација на производниот процес) како принцип за стекнување на потекло во ЦЕФТА зоната на кумулација и се воведува можност за поврат или иземање од царински давачки на суровините без потекло само во трговската размена помеѓу ЦЕФТА страните, но за готовите производи кои се стекнуваат со потекло со примена на целосна кумулација е исклучено истите да се сметаат како производи со потекло спрема другите договорни страни на ПЕМ Конвенцијата.

# II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

Посебно место во агендата на Царинската управа имаат активностите насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Северна Македонија, исполнување на техничките и организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавната свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија.

## Оддржан објаснувачки скрининг на Поглавјето за Царинска унија

На 23 и 24 септември 2019 година во Брисел, се одржа објаснувачки скрининг на Поглавјето за Царинска унија, односно Европската комисија пред раководството на Царинската управа детално го презентираше целокупното релевантно европско законодавство (acquis). По реализацијата на првата фаза од аналитичкиот преглед, процесот ќе продолжи со билатералниот скрининг, односно презентација од страна на македонските институции за состојбата на нашето законодавство и неговата усогласеност со европското законодавство и институционална рамка, како и капацитети за имплементација на тоа законодавство (институции, капацитети, компетентност, техничка опременост, потребни финансиски средства за доследна примена на европските прописи и стандарди).



Царинската управа останува посветена на процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ и на исполнувањето на европските стандарди и практики. Евроинтерграција е долг и сложен процес и налага навремена подготвеност, добра организација, висок степен на координација на активностите на највисоко ниво и голема институционална и меѓу-институционална соработка.

## II.1. ЦАРИНА 2020-ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКА КОМИСИЈА

Во рамки на Програмата на Заедницата „Царина 2020" во текот на 2019 година царинските службеници континуирано учествуваа во бројни активности во насока на административниот и оперативниот капацитет преку размена на експертиза, знаење и искуства со европските земји.

*64 службеници учествувале на 24 настани (обуки, семинари, работилници)*

Царинските службеници учествуваа во следниве заеднички активности во рамките на Царина 2020:

1. Состанок на европски цармински лабаратории
2. Состанок на групата за координација на електронска царина
3. Состанок на проектна група за ИТ технологии и инфраструктура
4. Обука за тестирање на CCN2 новата платформа за размена на пораки
5. Состанок за запознавање со искуства од мониторинг процесот на проверка
6. Состанок на групата за управување со обуки (TSG-Training Steering)
7. Работилница од програмата CUSTOMS/FISCALIS 2020
8. Семинар "EU Single Window"
9. Обука со вежби за SCI апликацијата во C програмски јазик за размена на пораки преку CCN мрежата
10. Објаснувачки скрининг за Поглавје 16 оданочување и буџет и состанок на работната група за Координација на активности за заштита на здравјето, културното наследство и животната средина
11. Состанок за експерти за UCC AES (автоматизиран извозен систем) и UCC NCTS (нов компјутеризиран транзитен систем)
12. Годишен состанок на националните координатори на Програмата ЦАРИНА 2020
13. 22-от состанок на националните координатори за транзит
14. Europa and Central Azia (ESA) enforcement meeting
15. 7-ми Семинар на европски царински хемичари
16. Состанок на ECCG (Electronic Customs Coordination Group)
17. Работилница за растителни масти и масла
18. Состанок на мрежата за комуникации на ЕУ
19. Студиска посета на царинската администрација на Полска
20. Состанок на мрежата на координатори за работни посети
21. Состанок за усогласување на заштитата на податоците на транс-европските ИТ системи
22. Семинар на високо ниво за стратешко планирање
23. Состанок на работната група PARCS (Expert Group of the Protection of health, cultural heritage, the environment and nature)
24. Годишен состанок на контакт лица за мерење на перформанси

## II.2. ИПА ФОНДОВИ И ПРОЕКТИ ОД СВЕТСКА БАНКА

Подобрување на работењето на Царинската управа се спроведува во континуитет преку тековните и планираните проекти.

## ЗАВРШЕНИ ПРОЕКТИ ВО 2019 ГОДИНА

### Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан (ИПА 2013)

- Изградени на објекти за царинење и инспекциски органи;
- Нов царински терминал од 9,5 илјади м2;
- Пристапни патишта.

### Зајакнување на оперативните и институционалните капацитети на Царинската Управа (ИПА 2013)

- Понатамошно усогласување на националното царинско законодавство со законодавството на ЕУ;
- Нова опрема за царинска лабораторија и засилување на капацитетите за контроли по царинење и примена на современи лабораториски методи и средства;
- Олеснување на трговијата и зголемување на ефикасноста при откривање и спречување на царински измами преку усовршување на анализата на ризик согласно добрите практитки и стандардите на ЕУ.

## ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ ВО 2019 ГОДИНА

**Подобрување во наплатата на приходите и даночна и царинска политика (Твининг проект - ИПА2-ИПА 2018) (Заеднички проект на Министерство за финансии, Царинска управа и Управа за јавни приходи)**

- Понатамошно усогласување на националното даночно и царинско законодавство со законодавството на ЕУ, стандардите и најдобрите практики;
- Зајакнување на оперативните и административните капацитети за спроведување на националното законодавство и процедури, управување со сметководство и ИТ услуги.

**Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан (Светска банка)**

- Изработка на нов Национален едношалтерски систем (New Single Window - NSW);
- Нов систем за видео надзор;
- Инфраструктурно подобрување на гранични премини.

**„Преминуваме граници“ (We Cross Borders) – Проект за прекугранична соработка со Република Грција (Програма IPA за прекугранична соработка)**

- Поставување на сообраќајна светлосна сигнализација на граничните премини Богородица и Дојран;
- Набавка на колска вага за мерење на ТМВ на излез од државата;
- Набавка на нова дигалка за моторни возила во гаражата за детални прегледи на ПМВ;
- Набавка на опрема за детектирање на скриена стока.

## ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

- Планирани проекти на ИКТ системи за имплементација на интерконективност и интероперабилност со системите на ЕУ
- Обезбедување на континуитет на деловните процеси во Царинската управа и зачувување на податоците преку консолидација на ИКТ системите и воспоставување на заеднички Податочен центар во случај на криза и природни непогоди (Disaster Recovery Centre) (Набавка на опрема и софтвер - ИПА2- ИПА 2018)
- Зголемување на квалитетот на царинските контроли во борбата против измами и недозволената трговија со стоки (Набавка на опрема - ИПА2- ИПА 2018)
- Изградба на нов граничен премин Маркова Нога, на границата со Република Грција

# III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА



Царинската управа и во текот на 2019 година континуирано инвестира во унапредување и развој на менаџментот со човечки ресурси, сметајќи ги човечките ресурси за движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ и унапредување на ефикасноста на работата на институцијата.

## СТУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ:



## ВРАБОТЕНИ СПОРЕД СТРУЧНА ПОДГОТОВКА:




## III.1 ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ



## ПОЗНАЧАЈНИ ОБУКИ КОИ СЕ ОДРЖАНИ ВО ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2019 ГОДИНА:

- ***Зајакнување на оперативните и институционалните капацитети на царинската администрација*** – со цел стекнување на знаења за нови аналтички методи во областа на акцизи и друга стока;
- ***„Симулација на судење“,*** со цел подобрување на вештините во борбата против економски криминал;
- ***Финансиски истраги –*** со цел стекнување на вештини за планирање, извори на информации, национална и меѓународна соработка, средства, техники, собирање и анализа на финансиски податоци, даночно затајување и перење пари;
- ***Обука за попречување нелегални активности со патнички возила, возачи на гранични премини, пристаништа и автопати*** – со цел подобрување на вештините на царинските службеници и инспекторите од мобилните тимови кои запираат возила и вршат претрес;
- ***Обука за ставање и користење на уреди за следење*** – со цел учесниците да се стекнат со знаења и вештини за поставување и вадење на/од возила на уреди за следење и тајно следење на возила;
- ***Обука за постапка по откривање на кривично дело и финансиски истраги*** – со цел подобрување на знаењата на учесниците за стандардните оперативни процедури по откривање на кривично дело, особено во делот на обезбедување на докази;
- ***Обука за царински оперативни пракси за спроведување на законот и заплени*** – со цел подобрување на оперативниот систем и закон за заплена на стока;
- ***Обука за сметководство –*** со цел зголемување на квалитетот на контролите кои ги врши Царинската управа кај економските оператори;
- ***Работилница за Ревидирана ПЕМ конвенција, целосна кумулација и поврат на царински давачки*** – со цел подобрување на знаењата на учесниците за Ревидирана ПЕМ конвенција преку практични примери;
- ***Регионална работилница за спроведување контроли на предметот со стратешки стоки –*** со цел подобрување на знаењата и вештините на учесниците за спроведување на контроли на прометот со стратешки стоки и размена на искуство;
- ***Обука за истраги на шверцувани или променети возила –*** со цел зголемување на способноста на учесниците за истражување на шверцувани и променети возила и
- ***Работилница за нови законски акти и измени и дополнувања на постојното национално законодавство –*** со цел е подготовка на нацрт работни инструкции за ТАРИК, ЗТИ, квоти, надзор.

## III.2 ИНТЕГРИТЕТ

Збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација, кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени го означува системот за интегритет. Интегритетот на ниво на една организација значи отпорност на корупција




## III.3. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА



## III.4. НАГРАДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ

Во периодот јануари-декември 2019 година во Царинската управа се извршени вкупно 131 унапредувања.



# IV. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Царинската управа е целосно посветена да овозможи максимална безбедност на меѓународниот синџир на снабдување, преку избалансирани безбедносни мерки и олеснување на протокот на стока. Најновиот извештај за преглед на трговската политика на Светската трговска организација укажува дека ефикасноста на царинските процедури во Северна Македонија е подобрена, што носи значителни заштеди за економските оператори, односно побрз, полесен и потранспарентен пристап до информации, поефикасни услуги што носи позитивно влијание врз секојдневната работа.

## IV.1 ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР - ОЕО

Раст на бројот на издадени одобренија за овластен економски операор (ОЕО) како клучна мерка за заштита и олеснување на трговијата




Во август 2019 година потпишана е Спогодба помеѓу Северна Македонија и Србија за взаемно признавање на одобренија за овластен економски оператор за безбедност и сигурност (ОЕОС). Изминатата 2019 година Царинската управа работеше на разработка на Програмите за взаемно признавање на ОЕО, како клучен чекор кон зајакнување и заштита на меѓународната трговија, а намалувањето на контролите ќе придонесе до побрзо пуштање на стоката и подобро планирање во меѓународниот синџир за снабдување.

## IV.2 ONE STOP SHOP НА ТАБАНОВЦЕ – ПРЕШЕВО




Со воведувањето на ONE STOP SHOP преку заедничка гранична контрола на ГП Табановце – Прешево, Коридорот 10 стана поатрактивен и поефикасен за извоз, увоз и транзит на стоки. Крајната цел на заедничките контроли е да се имаат отворени, но контролирани и безбедни граници, преку зајакната координација и соработка помеѓу сите надлежни гранични органи на национално и меѓународно ниво.

- На ГП Прешево ставена е во функција вага за мерење на товарни возила,
- Втората лента е приоритено наменета за товарни возила со расиплива стока, празни возила, како и оние кои транзитираат со Т-електронски документи.

Овој концепт наскоро ќе се воведе и на границата со Албанија на граничниот премин Кафасан.

## IV. 3 НОВ ЦАРИНСКИ ТЕРМИНАЛ НА ГП ЌАФАСАН

Во септември 2019 година беа пуштени во употреба новите објекти на царинскиот терминал на патниот граничен премин Ќафасан на границата кон Албанија – дел од Пан-европски Коридор 8 (исток-запад). Овој инфраструктурен проект, е еден од низата на проекти реализирани со финансиска поддршка на Европската унија, и кофинансирани од државата. Новиот царински терминал за товарен сообраќај е со максимален капацитет од 30 товарни возила и вклучува:

- нова зграда за царински постапки,
- објекти за преглед на товарни возила кои овозможуваат истовремен преглед на 3 товарни возила, контролен пункт за влез/излез,
- хоризонтална и вертикална сигнализација и други пропратни содржини на терминалот.
- Овој инфраструктурен проект ја зголеми пропусна моќ на преминот за стока, се намали времето потребно за спроведување на граничните формалности и се подобри квалитет на услугите и условите за работа на економските оператори и царинските службеници.



## IV. 4 НОВА ПОСТАПКА ЗА ЦАРИНЕЊЕ НА ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ



Се поедностави увозот на брзи пратки, со што крајните корисници заштедуваат време и пари, а се зголемува и ефикасноста при испорака на пратки со намалување на времето на спроведување на долгите административни процедури.

## IV. 5 ЦАРИНСКИТЕ ПРОЦЕДУРИ ДОСТАПНИ ПРЕКУ КУРСЕВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ

Следејќи ги трендовите на Европска Унија за дигитализација на секој аспект од царинското работење, на почеток на 2019 година Царинската управа промовираше курсеви за електронско учење преведени и прилагодени на македонски јазик. Програмата за електронско учење предвидува можност за унапредување на обуките на Царинската управа, различно од класичното учење, како и можност за значително зголемен број на слушатели. Нивната достапност и флексибилност, овозможуваат полесно разбирање на царинското законодавство и се дел од заложбите на Царинска управа за блиска соработка, како со економските оператори, така и со сите засегнати од царинските постапки.

Царинската управа активно учествува во Националниот комитет за олеснување на трговијата формиран според одредбите на Договорот за олеснување на трговијата на СТО и претседава со две работни групи за елиминирање на нетарифните бариери.



# V. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

## V. 1 ИКТ ИНФРАСТРУКТУРА

Во период јануари-декември 2019 година ИКТ ресурсите беа главно ангажирани во подготовка и реализација на проектот за пуштање во продукција на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД). Паралелно со ова се дефинираа потребите за понатамошно унапредување на функционалностите на СОЦДАД. Поради директната поврзаност на СОЦДАД со останатите ИКТ системи се работеше на унапредување на функционалностите на Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (EXIM), Интегрираната тарифна околина (ИТО) и Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС). Поставени се веб сервиси за размена на податоци од СОЦДАД со други институции во рамки на Системот за интероперабилност на МИОА.

Во 2019 година извршена е консолидација на хардверската околина за СОЦДАД, EXIM, НКТС и ИТО системите на Царинската управа. Извршена е консолидација на персоналната хардверска опрема во чија што рамка се инсталирани и ставени во функција над 300 персонални компјутери.

Активностите за обезбедување на деловен континуитет на Царинската управа во кризна состојба, преку создавање на доверлив компјутерски-податочен центар на оддалечена локација („Disaster Recovery“), продолжија во текот на цела 2019 година. Во рамки на проектот „Обезбедување на стабилност на ИКТ системите на ЦУ во случај на криза („Disaster Recovery“)“ (ИПА 2 – ИПА 2018) во тек се финални активности за подготовка на техничка специфицкација (тендерска документација) за набавка на потребната опрема.

Во декември 2019 година во продукција е пуштен нов „Service Desk“ систем со кој се унапредува ефикасноста на ИКТ услугите и се обезбедува поддршка на корисниците при користењето на ИКТ системите, во и надвор од работното време.

## V.2. ДОСТАПНОСТ НА ИКТ СИСТЕМИ

Во периодот јануари-декември 2019 година спроведени се голем број оперативни активности за поддршка и непречена функционалност на ИКТ инфраструктурата во Царинска управа.
Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите во периодот јануари-декември 2019 година изнесуваше 99%.

Во период јануари-декември 2019 година за одржување на непрекинатост на ИКТ системите решени се 4.527 инциденти и сервисни побарувања

Од нив 1.139 инциденти се однесуваат на хардверска опрема и мрежни проблеми

2.605 инциденти и сервисни побарувања се однесуваат на софтверските решенија

763 побарувања за останати проблеми поврзани со ИКТ инфраструктурата

## V.3 Е-ЦАРИНА

### V.3.1 НОВ СОФТВЕР ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ И АКЦИЗНИ ДОКУМЕНТИ – СОЦДАД

**1 јуни 2019 година** ставен во функција Нов софтвер за обработка на царински декларации и акцизни документи



Едно од најзначајните достигнувања на Царинската управа е дигитализацијата на царинското работење преку обезбедување на безхартиена околина. Сите царински постапки за увоз и извоз се остваруваат дигитално.
Новиот софтвер за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) е револуционерен чекор напред во царинското работење, интегриран со новиот компјутеризиран транзитен систем, Интегрирана тарифна околина (ITE) -ТАРИМ, едношалтерски систем за издавање лиценци за увоз и извоз - EXIM.
Најзначајното достигнување на Царинската управа е воспоставувањето на целосна дигитализацијата на акцизното работење, преку воведување на електронска евиденција и следење на движењето на акцизните добра во рамки на државата, кое е прво во рамки на ЦЕФТА земјите. **Сите акцизни постапки се остваруваат дигитално.**

**1 јануари 2020 година** ставен во функција модулот за акцизи во рамки на СОЦДАД

## Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД)






## V.3.2 НОВ НАЦИОНАЛЕН ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ (NSW)

Во ноември 2019 година започна нов проект за имплементација на Едношалтерски систем, финансиран со кредит од Светска банка. Со имплементацијата на новиот Национален едношалтерски систем (NSW) се очекува да се развие и имплементира комплетен едношалтерски систем во кој ќе бидат задоволени потребите и барањата на Царинската управа, агенциите и инспекциските служби кои учествуваат во царинската постапка и бизнис заедницата, а со цел понатамошно олеснување и забрзување на прекуграничната трговија и усогласување со регулативата и стандардите кои се применуваат во земјите членки на ЕУ. Проектот ќе се реализира во следните две години.

NSW се очекува да овозможи примена на новите технологии и алатки за развој на софтверски решенија, електронско банкарство (e-banking), електронско потпишување и архивирање, како и примена на новите стандарди за безбедност и сигурност на податоците и нивното чување.




## V.3.3 ИНТЕГРИРАНА ТАРИФНА ОКОЛИНА (ИТО)

**Интегрираниот тарифен систем – ИТО** - бизнис концепт што ги групира повеќето компјутерски системи помеѓу ЕК и ЕУ земјите – членки.



Во јуни 2019 година, во оперативна примена е пуштен модулот ТАРИМ, заедно со пуштањето на системот СОЦДАД. Главна цел на ИТО е да ги усогласи царинските ИТ системи со соодветните тарифни системи што ја сочинуваат ИТО на Европската Унија, со што се обезбедува приближување до заедничкиот европски пазар и Царинската унија на ЕУ.
Од ноември 2019 распределбата квоти се извршува автоматски во модулот за квоти, во рамките ИТО.
ИТО го зајакнува оперативниот капацитет на Царинската управа според стандардите на ЕУ, особено во однос на царинските тарифи, што се основа на царинските постапки.
Системот за интегрирана тарифна околина (ИТО) е развиен во рамките на ИПА 2009.

## V.3.4 НОВ КОМПЈУТЕРИЗИРАН ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ (НКТС)

**НКТС** на национално ниво е ставен во функција во 2014 година, со пристапувањето на државата кон Конвенцијата за заеднички транзит, а на 1 јули 2015 година се интерконектира на Заедничкиот домен. Националното законодавство за транзит постојано се усогласува со законските одредби на Унијата и измените во Ковенцијата за заедничка транзитна постапка.
Во тек е подготовка на планови за надградба на НКТС апликацијата за модификација на функционалностите, согласно измените во Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, со кои се врши прилагодување на истата со одредбите на Царинскиот закон на Унијата.
НКТС системот работи тековно без проблеми и изработена е алатка за мониторинг на неговото функционирање и модул за следење на движење на акцизна стока.
Исто така, изработен е национален план за имплементација на **НКТС фаза 5.**

## V.3.5 EXIM

Во **Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки - EXIM** во 2019 година се регистрирани 330 нови економски оператори, со што вкупниот број на профили за економски оператори изнесува 7009. Во системот се регистрирани вкупно 17 државни органи, од кои кон 12 може електронски да се аплицира за издавање на 59 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи.




Во февруари 2019, направена е интеграција со системот ИТО во делот на контрола на тарифните ознаки и нетарифни мерки.
Во јуни 2019, направена е интеграција со СОЦДАД, при што е постигната автоматска проверка на лиценците и искористување на количини.
Кон крајот на 2019 година направена е миграција на системот на нова посовремена опрема.

# VI. НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ



# VII. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Царинската управа спроведува гранична и внатрешна контрола со цел олеснување на протокот на легитимни патници и трговија и заштита на финансиските интереси на државата и заштита на домашните и државјаните на ЕУ. Ова подразбира царински и безбедносни контроли кои се засноваат на анализа на ризик поддржани од разузнавање, информации пред пристигнување и техники на селективност. Контролите се систематски, сеопфатни и флексибилни и доследно се применуваат.

## VII.1 НОВА СЛУЖБА ЗА ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ

**Формирана нова Служба за финансиски истраги во рамки на Секторот за контрола и истраги.** Во тек е градење на капацитетот на службата, со персонал и обуки поврзани со водењето на финансиски истраги, со посебен фокус на рестриктивните мерки за конфискација и замрзнување на средства.



## VII. 2 АНАЛИЗА НА РИЗИК

Со системот за анализа на ризик и поедноставените постапки е воспоставена соодветна контрола и рамнотежа при контролите што ги прави царината.

| | 2018 | 2019 | 2018 vs 2019 |
|---|---|---|---|
| Физички контроли | 30% од вкупен број на декларации | 6% од вкупен број на декларации | Зголемен број на утврдени неправилности |
| Документарни контроли | 25% од вкупен број на декларации | 17% од вкупен број на декларации | Зголемување на дополнително наплатените давачки |

## VII.3 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Континуирана блиска соработка и размена на информации со:

- **Косово, Албанија, Србија, Бугарија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина,**
- **ZKA, OLAF, SELEC и RILO, WCO, UNODC, EUROPOL, INTERPOL,**
- Учество во **16 меѓународни операции** организирани и поддржани од СЦО, OLAF, Interpol, Europol, CITEC Секретаријатот, SELEC и други, фокусирани на борба против нелегална трговија и криумчарење на хемикалии, експлозивни направи, диви животни, фалсификувани лекови, супстандардни прехранбени производи и пијалоци, стаклени јагули, диви животни, растенија, разна стока која повредува права од интелектуална сопственост, опасен отпад и сите други видови на отпад, супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, оружје, делови за оружје, муниција, дрога, културни добра, откривање и спречување на криминалот поврзан со шумите, итн.

## VII. 4 МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ ПРОЕКТИ ЗА КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Царинската управа активно учествува во:

- **Проект WESTERN BALKAN 6** - за разработка на начини за размена на информации меѓу 6 држави (Северна Македонија,Албанија,Србија, Косово, Црна Гора и БиХ) и Обединетото Кралство;
- **2 меѓународни проекти** - едниот фокусиран на следење на увозот и извозот на супстанции и производи што може да се користат за изработка на импровизирани експлозивни направи, а другиот на заштита на природата, трговијата со диви животни, сеча на дрвја и управување со отпад;
- **„Поддршка за олеснување на трговијата помеѓу земјите членки на ЦЕФТА“** – за проценка и споредба на националните системи за управување со ризици и овозможување на развој на хармонизирана регионална стратегија за управување со ризик и профилирање во ЦЕФТА регионот;
- **Електронска размена на податоци со царинските администрации на Србија, Косово и Албанија – преку системот за систематска размена на податоци SEED** - електронска размена на податоци помеѓу царинските администрации за полни и празни товарни возила во реално време. Системот функционира на граничните премини за патнички промет. Профилите на ризик се креираат на три нивоа: генерално, регионално и локално.
- **Проектот на UNODC за Меѓународна класификација на кривични дела за статистички цели** - класификација на кривичните дела кои се засноваат на меѓународно договорени концепти, дефиниции и принципи заради унапредување на следственоста и меѓународната споредливост на статистиката на криминалот и подобрување на аналитичките способности, како на национално така и на меѓународно ниво. На национално ниво, ICCS обезбедува податоци и споредување на истите помеѓу сите институции надлежни за спроведување на законот и спроведување на кривичната постапка. На меѓународно ниво пак, ICCS ја подобрува споредливоста на податоците за криминал помеѓу земјите.
- **Националниот комитет за борба против насилен екстремизам и борба против теоризам** - кодифицирање на заедничкото разбирање за стратешко опкружување, што дава поширок контекст на мисиите на спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, да ги идентификува приоритетите, предизвиците и можностите во зајакнување на придонесот на РСМ во превенирањето на идни манифестации на сите форми на екстремизам и фактори што го потпомагаат патот до тероризам.

## VII.5 РЕЗУЛТАТИ ОД ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА

Во сите царински испостави, царинската контрола се спроведува врз база на селективност, по претходно утврдени критериуми на ризик. Истите се поставуваат по идентификација на ризиците, извршена анализа на добиени информации од организациони единици од Царинската управа, владини агенции, приватен сектор и слободно достапни информации. Воедно се следат и анализираат современи трендови во трговијата и начини на избегнување на плаќање на давачки и загрозување на безбедноста на населението. Со континуирано собирање на информации се ажурираат и ризичните индикатори на поединечните критериуми на ризик.

Во текот на 2019 година:

### VII.5.1 Откриени случаи на нелегална трговија со:



**Наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори**

Спречен е шверц на вкупно 531 кг марихуана и 144 гр кокаин.

ГП Табановце - во 130 специјално изработени палети за транспорт на цвеќе, пронајдени околу 356 кг. опојна дрога марихуана

**ГП Богородица**

Во 3 специјално изработени бункери под седиштата на возило, пронајдени 45 кг. марихуана





**Тутун, цигари и други тутунски производи**

Во 14 случаи спречен е шверц на повеќе од 12 милиони парчиња цигари и други тутунски производи.

ГП Табановце и ГП Богородица - 3 обиди за нелегален внес на 11 милиони парчиња (1232 пакети) кинески цигари ASHIMA LUXORY SIZE и MARBLE DE LUXE и над 25 тони тутун во лист наменети за нелегална продажба на македонскиот пазар. Доколку цигарите и тутунот се најдеа на домашниот пазар, државниот буџет ќе беше оштетен за околу 1 милион евра.

**Готови пари и хартии од вредност**

Во 19 обиди спречен е шверц на 304.660 евра, 21.700 американски долари и 10.500 швајцарски франци.

ГП Табановце - 141.000 евра откриени при контрола на rent-a-car автомобил, во памучна блуза сместена под наслонот за раце помеѓу предните седишта на возилото.





### Мигранти

Во 7 случаи спречени се обиди за нелегално преминување на граница на 121 мигранти.

Само во еден обид на Автопатот Велес - Скопје при контрола на камион, мобилен цармински тим откри 45 илегални мигранти без документи за идентификација.

### Луксузна стока

Во повеќе случаи спречен е шверц на околу 300 парчиња златен накит и монети, 735 парчиња сребрен накит и над 2400 парчиња бижутерија, 17 бунди од природно крзно, 36 рачни часовници и над 1000 пара наочари за сонце.

ГП Богородица - 266 грама златен накит (ѓердан, нараквица и ланчиња со привезоци) откриен од страна на мобилните цармински тимови во куфер и рачна торбичка кај патник во турски автобус.





### Козметика

Во 7 случаи, спречен е шверц на околу 850 парчиња козметика, парфеми, средства за хигиена.

ГП Богородица - при контрола на патничко возило откриени се непријавени 57 парчиња парфеми.

### Лекови и медицински помагала

Спречени се 7 обиди на шверц на лекови и медицински помагала.

Меѓународен аеродром Скопје - при рентгенска контрола на патните торби на македонски државјанин кој допатувал од Истанбул пронајдени се 819 парчиња хируршки материјали и инструменти.





### Прехранбени производи

Во 4 случаи спречен е шверц на околу 1 тон прехранбени производи.

ГП Богородица - при контрола на патничко комбе со чешки таблички при влез откриени се 560 литри маслиново масло (35 метални канти).

## VII.5.2 Заштита на права од интелектуална сопственост




Во 38 случаи привремено се задржани околу 73 илјади парчиња стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

## VII.5.3 Контрола при царинење на стока

При непосредна царинска контрола откренисе **31.962** случаи каде се поднесени несоодветни документи и неусогласеност со мерките на трговската политика (невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи). На тој начин увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу **665 милиони денари** на име увозни давачки.

## VII.5.4 Пријавени девизи



## VII.5.5 Царинска лабораторија

Набавена е опрема за осовременување на царинската лабораторија преку ЕУ фондови (ИПА) и со средства од Буџетот на РСМ. Воведени се низа тестни методи за лабораториски испитувања за контрола на нафтени деривати и на акцизни производи при што се очекува царинската лабораторија да биде акредитирана и цертифицирана според ИСО стандарди во 2020 година.



## VII.5.6 Постцаринска контрола

При 92 контроли на трговски друштва откриени се 29 случаи на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки во вкупен износ од околу 22 милиони денари и 8 случаи на непридржување кон царинските прописи.

Обидите за избегнување царински и други давачки се однесуваат на пуштање на стока во слободен промет без истата да е увозно оцаринета, непријавени транспортни трошоци, трошоци за продолжување гарантен рок, надоместоци за лиценци, неправилно тарифно распоредување и др.

29 контроли на корисници на ТНГ како погонско гориво откриени се 3 обиди за барање на поврат на акциза во поголем износ од законски пропишаниот.

При 54 контроли на иматели на акцизни дозволи или одобренија и на регистрирани трговци со минерални масла кои содржат материи за обележување на горивата откриени се 29 случаи на помалку платена акциза во износ од околу 76 милиони денари и се утврдени 21 акцизен прекршок.

Обидите за избегнување увозни давачки се однесуваа на пуштање на стока во слободен промет без истата да е увозно оцаринета, непријавени транспортни трошоци, трошоци за продолжување гарантен рок, надоместоци за лиценци, неправилно тарифно распоредување и др.

## VII.5.7 Дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

На име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ донесени се 419 решенија во вкупен износ од околу 60,23 милиони денари, од кои:

2019

- несоодветно распоредување - 162 решенија (наплата на 22 милиони денари);
- декларирана пониска вредност - 17 решенија (наплата на 26 милиони денари);
- невалидни докази за преференцијално потекло - 82 решенија (наплата на 4 милиони денари) и
- други основи - 158 решенија (наплата на околу 8 милиони денари).

## VII.5.8 Кривични пријави

Поднесени се 29 кривични пријави против 36 физички и 11 правни лица.

2018

Поднесени се **46 кривични пријави** против 50 физички и 19 правни лица.

2019

## VII.5.9 Царински, девизни и акцизни прекршоци

681 **прекршочна пријава** против 409 физички и 272 на правни лица.

2018

825 **прекршочни пријави (царински, девизни и акцизни)** против 412 физички лица и 413 правни лица.

2019

решени 502 **прекршочни предмети** и изречена **глоба од околу 34 милиони денари.**

2018

решени 969 **прекршочни предмети** и изречена **глоба од околу 26 милиони денари.**

2019

изречени 1.953 **мандатни казни** против 1.104 **физички лица** и 849 **правни лица**, со казни во висина од околу 73 милиони денари.

2018

изречени 3.465 **мандатни казни** против 723 **физички лица** и 1,371 **правни лица**, со казни од околу 56.7 милиони денари.

2019

# VIII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## VIII.1 Односи со јавноста

Градењето на култура на транспарентност е појдовен чекор во стекнување на доверба кон институцијата, придобивање на поволен публицитет, како и создавање на висок институционален имиџ.
Во текот на 2019 година, Царинската управа посветено работеше на обезбедување навремени и валидни информации за надворешни лица околу активностите на институцијата, со придржување кон принципите на отчетност, отвореност за споделување и спремност за одговор.

## VIII.2 Позначајни настани

Царинската управа ја одбележа дваесет и седум годишнината од своето постоење
На свечена церемонија организирана по повод 14-ти Април – Денот на Царинската управа, во празничен амбиент во просториите на Националната филхармонија во Скопје, царинското работење беше посочено како важен предуслов за унапредување на меѓународната трговија на земјата. На свеченоста присуствуваа претставници на дипломатскиот кор, бизнис заедницата и други соработници на Царинската управа. Од страна на претседателот на Владата беше потврдена поддршката што царинската управа ќе ја има во континуираните процеси на модернизирање преку сите расположливи современи инструменти, признаени и уважени иницијативи и алатки за развој, дигитализација, автоматизација, бесхартиено работење и напредно градење и јакнење на капацитетите.
По повод обележувањето на празникот се организираа и повеќе социјално одговорни активности:

- Крводарителска акција во која учествуваа повеќе од 100 царински службеници,
- Кампања „Стоп за фалсификуваните производи“
- Отворен ден за децата од „СОС Детско село“
- Пријателски фудбалски натпревари со полициски службеници и со службеници од другите агенции и органи кои делуваат на граница

Ден на Царинска управа





## Новиот цариински терминал на патниот Граничен премин Ќафасан е свечено пуштен во употреба

На 16-ти септември свечено беа пуштени во употреба новите објекти на цариинскиот терминал на патниот граничен премин Ќафасан, лоциран на границата кон Република Албанија, долж Пан-Европскиот коридор 8 (исток-запад), како 4-ти најфреквентен граничен премин за стокови пратки во земјата.
Придобивките од новиот цармнски терминал кој е со максимален капацитет од 30 товарни возила директно влијаат врз транспортот на стоки и патници, како и на прекуграничната и регионалната трговија.
Новиот цармнски терминал вклучува нова зграда за цармнски постапки, нови објекти за истовремен преглед на 3 товарни возила, контролен пункт за влез/излез, хоризонтална и вертикална сигнализација и други пропратни содржини на терминалот.




## ПИКАРД Конференција на Светската царинска организација

Од 22-24 октомври 2019 година, во Скопје се одржа 14-та ПИКАРД (Partnerships in Customs Academic Research and Development ) конференција на Светската царинска организација, на тема „Паметни граници за непречена трговија, патување и транспорт“. Домаќин на конференцијата беше Царинската управа, во соработка со Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со посебна поддршка од Царинската служба на Кореја.






Од одржаните презентации и дискусии произлегува општо прифатениот заклучок дека во денешно време царинските органи треба да одговорат на сложеното трговско опкружување предизвикано од зголемувањето на трговијата меѓу мултинационалните корпорации, а меѓу другото и на напливот на прекугранични трансакции преку е-трговија.
Со воведување на концептот на „SMART граници“ се поттикнуваат владите, преку нови достигнувања во областа на технологијата да изнајдат решенија за олеснување на протокот на луѓе, стоки и транспортери, притоа следејќи ги водечките принципи на „SMART границите“ – безбедност, мерливост, автоматизација, управување со ризик базирано и управувано од технологијата.




Посветеноста кон заедништвото во рамките на големото царинско семејство, како и заложбата за натамошно развивање на досегашната плодна соработка беа симболично изразени и преку засадување на три стебла на Дрво на мирот пред зградата на Царинската управа, од страна на директорот на Царинската управа Ѓоко Танасоски, генералниот секретар на Светската царинска организација Кунио Микурија и министерката за финансии Нина Ангеловска.








## VIII.3 Меѓународна соработка

- Одбележан 26 Јануари - Меѓународниот ден на царината се одбележа под мотото „Паметни граници за непречена трговија, патување и транспорт“. По тој повод 16 царински службеници и 5 компании во Македонија добија пофалници од генералниот секретар на СЦО, што традиционално се доделуваат по повод празникот, во сите земји членки.

- Неформални регионални состаноци на директорите на царинските управи од Западен Балкан - 28-29 јануари: во Подгорица се одржа третиот неформален регионален состанок, на кој се дискутираше за подготовка на заеднички пристап на Царинските служби од регионот со цел олеснување на трговијата, унапредување на царинските постапки и економската соработка во Западен Балкан.

- - 11 јуни: во Приштина се одржа четвртиот неформален регионален состанок, на кој се разгледа напредокот во реализацијата на заклучоците донесени на претходниот регионален состанок, поврзани со дефинирање на рамка за безбедна размена на информации според усогласени стандарди и методи во борбата против прекуграничниот и организираниот криминал

- Од 19 – 22 март се одржа семинарот за олеснување на трговијата во Република Јужна Кореја, каде се потврди заедничкиот стремеж кон натамошно олеснување на трговијата преку воведување и користење на информациски технологии и модернизирање на царинските постапки, со презентирање на мерките за олеснување на трговијата, активностите што се спроведуваат во борбата против тероризмот, значењето на едношалтерскиот систем и концептот на ЕОЕ, унапредувањето на системот за анализа на ризик, конкретните мерки за справување со експанзијата на е-трговијата.

- Во април се одржа дводневна регионална конференција „Зајакнување на капацитетите на координативните центри за интегрирано гранично управување“, на која учесниците – претставници на граничните и царинските управи од Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Романија и Турција ги споделија најдобрите меѓународни практики за спречување на организираниот криминал и корупција.

- На 08 мај Британска амбасада донираше нова софистицирана опрема за пребарување возила

- На 16 и 17 мај во Букурешт делегација на Царинската управа зеде активно учество на семинарот за едношалтерски систем во Царината на Европска Унија

- Во Охрид и Струга на 12 и 13 септември се одржа 4-тата Меѓународна конференција за управување со отпад: „Комуницираме за управување со отпад“, организирана од „Македонската асоцијација за управување со цврст отпад“ (MaSWA). Царинската управа претставувана од генералниот директор зеде активно учество на панелот на тема: „Комуницираме со сите субјекти од општеството, како да се унапреди управувањето со отпад во Република Северна Македонија“.

- На 18 ноември во просториите на Царинска испостава Пошта, директорот на Царинска управа заедно со министерката за финансии го промовираа скенерот за контрола на поштенски пратки, донација на Амбасадата на САД, со кој се забрза процедурата за доставување на пратките до крајниот корисник.

- На 13 ноември во Брисел се одржа 16-ти Состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување, каде преку концизен приказ претставниците на Европската комисија беа информирани за напредокот на реформите постигнат во периодот помеѓу двата

Поткомитети, како и за тековните и идни проекти поддржани од ЕУ кои се спроведуваат во континуитет, за одржувањето и развојот на информатичките системи

- Од 29 ноември до 12 декември Царинската управа преку свои претставници - дел од семинарот за е-трговија и меѓугранична е-трговија во Кина

- На 04 декември Царинската управа беше домаќин на 32-от состанок на координаторите за царински транзитни постапки на европската унија и земјите-кандидати



## VIII.4 Билатерални средби

- Од 21 до 23 јануари, посета на делегација од корејска царина со цел да се изврши физибилити студија за анализа на состојбите, со цел подготовка за учество во Проектот за пружање стручна помош во градењето на капацитети во областа на контролата на брзите пратки, откривањето на нелегалните финансиски текови, како и анализата на ризик застапен во е-трговијата.

- На 14 февруари остварена протоколарна средба со амбасадорот на Република Франција Н.Е. Кристиан Тимоние, на која беше дефинирана соработката за зајакнување во областа на размена на податоци за спречување на корупцијата, како и борбата против организираниот криминал.

- На 28 февруари се одржа Билатерална средба помеѓу царинските служби на Република Северна Македонија и Косово договорено интензивирање и продлабочување на размената на информации во врска со потеклото на стоките, вредноста на стоките и воспоставување на заеднички профили на ризик.

- На 06 март остварена средба со амбасадорот на Романија во Република Северна Македонија, Н.Е. Виорел Станила, на која се дискутираше за приоритетите на романското претседателство со ЕУ и поголемо вклучување на царинската соработка во Регионалната економска област во ЦЕФТА.

- На 16 април 2019 година во Атина се одржа билатерална средба со Царинската управа на

Република Грција со цел остварување на стратешко партнерство и зајакнување на соработката помеѓу двете земји, воспоставена во рамките на Договорот од Преспа.

- На 12 јуни се оствари во работна посета престојуваше со делегација на Царинската управа на Хрватска со цел размена на искуства во процесот на прилагодување на националното царинско законодавство со законодавството на Европска унија.

- На 4 октомври 2019 година во Белград се одржа билатерален состанок со Царинската управа на Република Србија каде се дискутираше за актуелни заеднички активности за олеснување на царинското работење и за воведениот „One Stop Shop“ на граничниот премин Табановце/Прешево.



## VIII.5 Склучени меморандуми

- На 19 мај 2019 Република Северна Македонија и Обединетото Кралство потпишаа Меморандум за размена на информации и знаења за сузбивање на даночни и царински кривични дела и перење пари помеѓу двете земји. Потписници на Меморандумот се Управата за царински работи и приходи на Обединетото Кралство и Министерството за финансии на Република Северна Македонија заедно со управите во неговиот состав (Управа за јавни приходи, Царинска управа, Финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање).

- На 10 јуни во Словенија потпишан Меморандум за соработка во доменот на финансиски истраги помеѓу шест релевантни институции.

- На 20 јуни Националниот координативен центар за гранично управување при Владата на Република Северна Македонија и Асоцијацијата на превозници „Макам Транс Скопје“ на 20 јуни 2019 година, потпишаа Меморандумот за соработка чија цел е унапредување на прекуграничното управување и борба со организираниот криминал и корупција. Со потпишување на овој Меморандум со овозможува превозниците со помош на ИТ-апликација да пријавуваат мито, корупција, застои и криминални дејства на граничните премини, од класичен шверц до криумчарење мигранти.

- На 18 септември потпишан меморандум со „Реакт Б.В.“ од Холандија за соработка и спречување на трговија со фалсификувана и пиратска стока. Реакт Б.В. е непрофитно бизнис здружение со повеќе од 270 членки чии цели се заштита на потрошувачите и легитимниот бизнис во борба со трговијата со фалсификувана и пиратска стока.



## VIII.6 Соработка со бизнис заедницата

- На 10 јануари доделен првиот сертификат за Овластен економски оператор на компанијата „Европа АД“ Скопје. Во текот на 2019 година, 10 компании се стекнаа со ОЕО.

- По одржаната билатерална средба на Царинските управи на Република Северна Македонија и Република Грција, на која се отпочнаа првите чекори во насока на остварување на стратешко партнерство и зајакнување на соработката помеѓу двете земји, воспоставена во рамките на Договорот од Преспа и Акцискиот план за интензивирање на соработката, во април 2019 се оствари средба помеѓу директорот на Царинската управа, премиерот на владата, вицепремиерот за економски прашања, градоначалникот на Општина Гевгелија и бизнис заедницата со цел да се поттикнат компаниите да ги искористат мерките за соработка со грчки партнери.

- Реализиран и промовиран проектот „Како да се разберат царинските постапки“ – доближување на царинското работење до сите граѓани, во чии рамки беа изготвени едукативни видео записи во кои на едноставен и сликовит начин се прикажани основните и најважни теми за царинското работење, наменети за бизнис заедницата.

- Во рамки на летната програма за посета на домашните компании и во насока на поддршка на нивните активности од страна на Царинската управа, остварени се средби со раководствата на повеќе компании, на која се разменети информации за можностите за добивање на одобрение за ОЕО, поголемо користење на поедноставените царински постапки и на другите царински олеснувања.

- Во насока на зајакнување на соработката со деловната заедница, , во септември 2019 година, се оствarija средби со претставници на Сојузот на стопански комори, како и со претставници на членките на Стопанската комора на Северозападна Македонија, на кои се дискутираше за олеснување на царинските постапки за брз проток на граничните премини, воведувањето на концептот ОЕО, предизвиците, искуствата и поедноставувањето на царинското работење.

- Во септември 2019 Царинската управа активно учествуваше на регионалниот B2B настан организиран од Стопанската комора на Северозападна Македонија.

- На 02 октомври се оствари работна посета на неколку компании од приватниот сектор на Општина Штип со цел запознавање на работните процеси на компаниите, како и промовирање на партнерскиот однос помеѓу царината и приватниот сектор.



**Соработка со бизнис секторот и Светска царинска организација**

## VIII.7 Интернет



## VIII.8 Отворена телефонска линија (197)

На отворената царинска телефонска линија (197) во периодот јануари-декември 2019 година добиени се вкупно 5,756 повици или во просек 16 повици на ден

„А"[1] класа – 12 повици, „Б"[2] класа – 40 повици, „С"[3] класа – 688 повици и „Ј"[4] класа – 35 повици

Најголем број се однесуваат на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на одделни царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, а надлежните служби извршија обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.




„А" класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа.
„Б" класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинската управа.
„С" класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.
„Ј" класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници.


DoubleTree
BY HILTON



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS